**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ
МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO
DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 20.05.2022
Орг. единица Njësia org: 10 | Број Numër: 2071 | Прилог Shtesë: 1 | Вредност Vlerë:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево

3. **Период опфатен со надзорот:** 9 мај 2022 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 20 мај 2022 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот.)

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 10 март 2022 година, за непочитување на членот 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за преземање мерка - јавна опомена (Уп1 бр. 03-75 од 10 март 2022 година) на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево.*

*Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот во рок од 15 дена од денот на приемот на решението (14.03.2022 година) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, емитуван на 9 мај 2022 година, на локално ниво, **констатирано е дека радиодифузерот не постапил по**

**решението за изрекување мерка – јавна опомена, односно дека продолжил со вршење на повредата на членот 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.** (*Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а се обврзани и најмалку половина од законскиот минимум (од 30%) програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, да ја емитуваат во периодот од 7,00 до 19,00 часот*).

Со надзорот е констатирано дека на 9 мај 2022 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, емитуваше 23 часа 12 минути и 47 секунди програми што влегуваат во пресметка за изворно создадена програма, при што, воопшто не емитуваше изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела.

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево на 9 мај 2022, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

**9. Предлог мерка:**

И покрај решението за изрекување мерка јавна опомена донесено на 10.03.2022 година, Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево не ја отстрани повредата, односно продолжи со вршење на повредата на членот 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Оттаму:

- **Во согласност со член 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата да поведе прекршочна постапка.**

***Сектор за програмски работи***